**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Петото продолжение на Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 8 март 2000 година**

Седницата се одржа во салата на Собранието на Република Македонија, *со* почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, пред да го отворам продолжението на оваа седница, дозволете ми на нашите почитувани госпоѓи и госпоѓици да им го честитам 8-ми Март, Денот на жената и да им посакам многу здравје и успех во работата.

Нив ги канам посебно, доколку ме почестат во мојот Кабинет малку да се разговараме, за женските проблеми што ги имаат.

Истовремено, апелирам на сите овие дополнителни дискутанти кои што се пријавија синоќа да размислат, бидејќи тоа повеќе би било како реплика, да се повлечат за да им оставиме простор на нашите почитувани дами да прославуваат.

Според тоа, ако сме џентламени, тоа ќе го направиме.

Бидејќи г-динот Стојановски Наќе не е тука, овде се господата Абдурахман Алити, Сејфедин Харуни, Исмет Рамадани и Слободан Даневски.

Оставам еден период да размислат.

Имаат право да дискутираат, но Ве молам, ако е можно, да се воздржат за да ја завршиме седницата.

Значи, тие сепак решиле, денеска да се јават за збор.

Тогаш да му дадеме збор на г-динот Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги.

Себеси се сметам за кавалер, меѓутоа, немам храброст и сила да се откажам од дискусијата, само поради тоа.

Сакам да ми верувате дека воопшто не сум среќен, што морам само неколку реченици да кажам пред вас.

Прво, синоќа ние бевме при крај да ја привршуваме седницата.

Претседателот направи максимални напори тоа да се направи, меѓутоа, сепак се случи тоа што се случи и повторно ќе кажам дека не сум среќен, што притиснав и без причина, за да се закаже денешната седница, која како што знаете, нашите даночни обврзници ги чини.

Не можам да се откажам од следната причина. Сакав само да ви кажам една многу паметна, според мене мисла на еден од најголемите албански интелектуалци Фајко Ница, кој во слободен превод, од прилика рекол вака: "Господе што си на небото, дај ми сила да ја држиме устата затворена, тогаш кога немаме што да кажеме".

Изгледа дека некои поединци тука, навистина не поседуваат сила, барем тогаш кога е очигледно дека навистина нема ништо што да кажат, а сепак си кажува. Јас морам јавно да протестирам, против начинот на кој последниот дискутант им држеше предавање на пратениците. Постојано ни укажуваше што е процедура, што е суд, што е основано сомнение, основи на сомневање и т.н. Претпоставка е дека луѓето што треба и мора тие работи да ги знаат, ги знаат. Тие што треба и мора нешто друго да знаат, веројатно, нема да се мешаат во постапки во кој очигледно се бара некоја квалификација.

Јас никогаш на пример не сум протестирал јавно тука, што одделни не пратеници, правници, пратеници, на оваа говорница велат овој највисок дом, највисок законодавен дом. Јас на пример, секогаш можам да кажам дека овој не е највисок законодавен дом, туку е законодавен дом, затоа што ги доведуваме во заблуда студентите по право, кога г-динот Климовски им вели дека Собранието е Законодавен орган. Ако не им кажеме дека е највисок, тие ќе бараат некој понизок, а таков нема.

Затоа, да вложиме максимални напори, да ги штитиме другите од нас. Јас тоа го правам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Алити, јас во една прилика реков дека понекогаш не многу по паметни, ако премолчиме нешто. И силината е да се премолчи. Се согласувам практично со ова што го кажавте и се согласувам со формулацијата во градацијата на органот. Навистина, ние сме само законодавен дом. Ако има највисок, ќе има и пониски и други и т.н.

Мислам дека забелешките не би сакал да ги коментирам во оваа ситуација се во ред и одат кон една конструктивна натамошна работа на нашето Собрание.

Збор има г-динот пратеник Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван г-дине претседателе, се откажувам во интерес на празникот, во интерес на дамите. (Аплауз).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако нема друг за дискусија, тогаш го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Извештајот на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки на Собранието на Република Македонија, за испитаните јавни набавки во МВР, Министерството за одбрана, Архивот на Македонија, МАНУ и Републичкиот завод за судски вештачења во периодот од 8 јануари 1991 до 19 ноември 1998 година, заедно со предложените заклучоци содржани во него.

Второ, овој заклучок заедно со Извештајот на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки на Собранието на Репулика Македонија, за испитаните јавни набавки во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Архивот на Македонија, МАНУ и Републичкиот завод за судски вештачења, во периодот од 8 јануари 1991 година до 19 ноември 1998 година, да се достави до надлежните правосудни органи на Република Македонија.

Предложениов заклучок го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

55 пратеници гласаа "за", 9 пратеници се "воздржани" и 11 се "против".

Констатирам дека предложениот Заклучок е усвоен.

Бидејќи почитувани пратеници немаше претставници на Владата на Република Македонија, по Предлогот за донесување на Закон за Јавното обвинителство и Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата, за укинување на присилна работа, со Предлог на закон, овие точки ќе ги разгледаме на продолжението на оваа седница, која ќе биде дополнително закажана.

Притискувањето на копчето го сметам како Ваше присуство и со тоа ја завршувам денешната работа на седница.

Благодарам за присуството.

Утре продолжуваме со нормална седница во 11,00 часот.

(Седницата заврши во 12,00 часот).